ЗАПИСНИК

Од одржаната 38-ма седница на Советот на Општина Новаци одржана на ден 20.11. 2023 г. со почеток во 12:00 часот во просториите на општинската зграда во с. Новаци.

На седницата од вкупно 9 членови на Советот на Општина Новаци, присутни беа 6 советници: Славица Најдовска Стојковска-претседател, Николче Димовски, Пецо Дојчиновски, Сузана Јовановска, Љупчо Петровски, Иванчо Котевски,

На седницата не присуствуваа советниците: Александар Канзуровски, Горан Велјановски и Наумче Смилевски.

На седницата беа присутни Градоначалникот Стевановски и вработени во Општина Новаци: Анета Киселоска – раководител, Летка Јовановска – раководител, Оливера Димитровска - раководител.

Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на Записникот од 37-та седница на Совет на Општина Новаци;
2. Разгледување и донесување на План на програма за развој на Општина Новаци за период од 2024-2026 год.;
3. Советнички прашања.

Пред да се разгледа и гласа Дневниот ред на 38-та седница на Советот на Општина Новаци, Претседателката Најдовска Стојковска предложи, Дневниот ред да се измени и дополни со дополнителни 3 (три) точки, барања за финансиска помош од физички лица по предлог на Комисијата за доделување на еднократна парична помош.

1. Разгледување на Барање за еднократна финансиска помош од Јован Гацовски с. Новаци, лице со здравствени проблеми;
2. Разгледување на Барање за еднократна финансиска помош од Мише Ѓорѓиевски с. Добромири, лице со здравствени проблеми;
3. Разгледување на Барање за еднократна финансиска помош од Целе Тодорчевски с. Добромири, лице со здравствени проблеми.

На тој начин Дневниот ред на 38-та седница на Советот на Општина Новаци, по претрпените измени и дополнувања е составен од 6 точки, со тоа што точката бр. 3 - Советнички прашања, преминува во точка бр. 6.

Предлогот за изменетиот и дополнет Дневен ред на 38-та Седница на Советот на Општина Новаци беше ставен на гласање и истиот беше усвоен со **5 гласа за**.

*****1 точка**: Разгледување и усвојување на Записникот од 37-та седница на Совет на Општина Новаци.

По разгледувањето, Записникот од 37-та Седница беше ставен на гласање и усвоен со **5 гласа за**.

2 точка: Разгледување и донесување на План на програма за развој на Општина Новаци за период од 2024-2026 год.

По однос на втората точка Оливера Димитровска - раководител на финансии пред советниците го презентираше Планот на програмата за развој за двегодишен период во кој се вклучени следните капитални инвестиции:

- Изградба на Канализација во с.Гермијан
- Изградба на пат од с. Градешница до манастир „Св. Илија“
- Изградба на пат од раскрсница с. Старавина до с. Будимерци
- Изградба на улица до индустриска зона крак 3
- Примарна водоводна мрежа од с.Бач до с.Брод

По излагањето на Раководителот на финансии, збор зеде Градоначалникот Стевановски кој ги запозна советниците со активностите кои Општина Новаци ги превзема за натамошен развој на општината и воедно најави отварање на нови фирми во состав на индустриската зона, кои од своја страна ќе допринесат за отварање на нови работни места, кои се од особено значење, со оглед на фактот што за неколку години се предвидува затварање на РЕК Битола во кој работат голем процент од работоспособното населението во Општина Новаци.

Советот на Општина Новаци по разгледувањето на планот и дискусијата што следеше, гласаше и со **6 гласа за** донесе План на програма за развој на Општина Новаци за период од 2024-2026 год.(Советникот Наумче Смилевски се прикучи во работата на Советот за време на излагањето на раководителот на финасии при што се вклучи во гласањето на оваа толчка)

3 точка: Разгледување на Барање за еднократна финансиска помош од Јован Гацовски с. Новаци, лице со здравствени проблеми.

Советот на Општина Новаци го разгледа Барањето од Јован Гацовски с. Новаци, како лице со здравствени проблеми и **едногласно** донесе Одлука за доделување на еднократна парична помош на Јован Гацовски с. Новаци, лице со здравствени проблеми во износ од 20.000,00 ден.

4 точка: Разгледување на Барање за еднократна финансиска помош од Мише Ѓорѓиевски с. Добромири, лице со здравствени проблеми;

Советот на Општина Новаци го разгледа Барањето од Мише Ѓорѓиевски с. Добромири како, лице со здравствени проблеми и **едногласно** донесе Одлука за доделување на еднократна парична помош на Мише Ѓорѓиевски с. Добромири, лице со здравствени проблеми во износ од 20.000,00 ден.

5 точка: Разгледување на Барање за еднократна финансиска помош од Целе Тодорчевски с. Добромири, лице со здравствени проблеми.

Советот на Општина Новаци го разгледа Барањето од Целе Тодорчевски с. Добромири како, лице со здравствени проблеми и **едногласно** донесе Одлука за доделување на еднократна парична помош на Целе Тодорчевски с. Добромири, лице со здравствени проблеми во износ од 20.000,00 ден.

6 точка: Советнички прашања.

Советот на Општина Новаци, по разгледувањето на сите точки од дневниот ред, немаше дополнителни советнички прашања со што 38-та седница на Советот на Општина Новаци заврши со работа.

Записничар: А. Киселоска

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска-Стојковска